РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

09-2582/4
22-11-2019

- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 24 - та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2582/1 од 02.05.2019 година доставена од познат подносител СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2582/1 од 02.05.2019 година.

Предметот со број 09-2582/1 од 02.05.2019 година да се запре и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2582/1 од 02.05.2019 година е оформен врз основа на пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека пријавата нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува, поради што се обрати до подносителот на пријавата на електронската адреса преку која беше примена истата за допрецизирање на податоците и доставување на дополнителни информации, при што сопственикот на адресата, во нашиот случај подносител на пријавата не извести дека неговата адреса била злоупотребена и искористена без негово знаење и дека тој не поднел никаква пријава до Државната комисија за спречување за корупцијата, па поради тоа Државнат комисија не беше во можност да ги прибере потребните податоци за да може надлежно да постапува.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk